# МЕТОДОЛОШКИ ОБЈАСНУВАЊА

## 1. Општи методолошки појаснувања за екстерните статистики

Екстерните статистики претставуваат сублимат од повеќе одделни статистички истражувања за прибирање, обработка и објавување податоци за економските трансакции со нерезиденти, и тоа: платен биланс, странски директни инвестиции, меѓународна инвестициска позиција, официјални девизни резерви, бруто надворешен долг и бруто надворешни побарувања.

Народната банка на Република Македонија постојано работи на усогласувањето со меѓународните статистички стандарди и подготовката на меѓународно споредливи податоци.

### 1.1. Усогласување со европските и меѓународните статистички стандарди

Усогласувањето на статистичките извештаи од екстерните статистики се врши преку примената на меѓународните упатства и нивното вградување во националната статистика.

Меѓународните упатства коишто се применуваат при прибирањето и обработката на податоците се следниве:

- Прирачникот за платен биланс (Balance of Payments Manual (BPM 5), 1993, IMF);

- Прирачникот на ММФ за меѓународни резерви и девизна ликвидност (International Reserves and Foreign Currency Liquidity: Guidelines for a Template, IMF 2001);

- Прирачникот за статистика на надворешниот долг (External Debt Statistics: Guide for Compilers and Users, IMF, 2003);

- Насоките на ОЕЦД за дефинициите за странските директни инвестиции, 3. издание, БД3 (OECD Benchmark Definition of Foreign Direct Investment 3rd edition BD3);

- Меѓународна инвестициска позиција: Водич за извори на податоци, ММФ 2002; Квартална меѓународна инвестициска позиција: Техники за составување и извори на податоци, ММФ 2002 (International Investment position: A Guide to Data Sources 2002; Quarterly International Investment position: Data Sources and Compilation Techniques,2002 IMF).

Класификациите коишто се применуваат при прибирањето и обработката на податоците за овие истражувања се следниве:

- НКД - Национална класификација на дејности (компатибилна со NACE Rev. 2);
- Национална класификација на сектори (компатибилна со ESA 95);
- Меѓународен стандард за класификација на земји и валути (ISO country and currency codes).

**Националната законска регулатива**, во која се дефинира содржината на податоците коишто се прибираат за потребите на екстерната статистика, е во согласност со Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/2010 и 123/12) и Законот за девизно работење („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/2001, 49/2001, 103/2001, 54/2002, 51/2003, 81/2008, 24/2011 и 135/2011).

**Извештајни единици** се правни и физички лица коишто имаат економски трансакции со нерезиденти и кои во зависност од видот на трансакциите со нерезиденти известуваат за своите побарувања и обврски кон нерезиденти врз основа на должнички инструменти, капитални вложувања во и од странство, побарувања и/или обврски кон нерезиденти врз основа на останати финансиски инструменти и сл. Известувањето е непосредно (директно од извештајните единици) и посредно (преку други институции коишто располагаат со информации за одреден вид трансакции со нерезиденти).

## 1.2. Политика на објавување и ревизија на податоците

### 1.2.1 Политика на објавување на податоците

Податоците за екстерните статистики се објавуваат со утврдена периодика и рокови дадени во календарот на објавување на податоците (расположлив на интернет-страницата на НБРМ -
http://www.nbrm.mk/?ItemID=6A1F334190BBF04FB028CA4EF30CDD7E).
Методологиите за екстерните статистики, исто така, се објавени на интернет-страницата на НБРМ.

### 1.2.2 Политика на ревизија на податоците

Податоците се ревидираат на редовна годишна основа, во рок од т+270 дена по истекот на извештајната година.

Исто така, ревизија на објавените податоци може да се врши и во случаи на:

- добивање нови, коригирани информации и податоци од извештајните единици; или
- промени кај изворите на податоци или методологијата за составување на одделно статистичко истражување.

Во согласност со меѓународните препораки, ревидираните податоци се означуваат со фуснота во која се дава соодветно објаснување за извршените измени.

## НАДВОРЕШНОТРГОВСКИ И ДЕВИЗЕН СЕКТОР

## Табели бр.18-23 ПЛАТЕН БИЛАНС

Платниот биланс претставува статистички извештај за определен временски период, кој систематски ги сумира сите економски трансакции на Република Македонија со остатокот од светот.

Согласно Законот за Народна банка на Република Македонија и прописите од доменот на девизното работење, Народна банка на Република Македонија (НБРМ) е одговорна за составување и следење на извршувањето на платниот биланс.

Платно-билансната статистика на Република Македонија во основа се подготвува во согласност со методологијата на Меѓународниот Монетарен Фонд (Прирачник за платен биланс, петто издание - ППБ). Податоците се објавуваат на

месечна основа, во милиони евра и САД долари. Трансакциите деноминирани во други валути се конвертираат во евра и САД долари еквивалентно на девизниот курс на денот на трансакцијата.

Основни извори на податоци за извршувањето на платниот биланс се:

-единствениот царински документ (ЕЦД) за надворешно-трговската размена на Република Македонија;

-системот за известување за платниот промет на банките со странство (ППС);

-систем за известување за надворешниот долг (НДНП);

-банкарските извештаи за состојбата на средствата и обврските (КНБИФО);

-месечни извештаи за промените и состојбите на сметките во странство на резидентите кои не се овластени банки и состојбата и прометот на евидентните сметки (месечни извештаи-МИ);

-дополнителни извештаи на НБРМ за менувачкото работење и за состојбата на официјалните девизни резерви на Република Македонија;

-податоци од годишниот прашалник за странски директни инвестиции-ДИ 22.

## ПЛАТЕН БИЛАНС: ОДДЕЛНИ СТАВКИ

## ТЕКОВНА СМЕТКА

### Стоки

Извор на податоци за надворешно-трговската размена на Република Македонија е царинската документација (ЕЦД), која се прибира од страна на Царинската Управа на Република Македонија, а се обработува и објавува од страна на Државниот завод за статистика на Република Македонија (ДЗСРМ) и НБРМ.

ДЗСРМ согласно методологијата за евидентирање на надворешно-трговската размена во трговската статистика, ги објавува податоците за извозот на **ф.о.б.** основа, а за увозот на **ц.и.ф.** основа.

НБРМ согласно препораките на ППБ при евидентирање на стоките во платниот биланс врши прилагодување за опфат и класификација и тоа за:

-опфат: за вратените стоки и за фактурната вредност на извршената услуга за поправка на стоките;

-класификација: за **ц.и.ф./ф.о.б.** факторот и доработките. Во платниот биланс извозот и увозот се прикажуваат на **ф.о.б.** основа, поради што е неопходно прилагодување на увозот **ц.и.ф.** за **ц.и.ф./ф.о.б.** факторот. Во периодот од 1993 до 1997 година **ц.и.ф./ф.о.б.** факторот е утврден врз основа на просечните меѓународно определени стапки за пресметка на овие трошоци. Од 1998 година наваму **ц.и.ф./ф.о.б.** факторот се пресметува по утврдена методологија која се базира на податоците од ЕЦД за транспорт и осигурување на паритетите со дестинација во Република Македонија прилагодени на целокупниот увоз.

За пресметување на ставката увоз во пристанишни места, се користат податоци од месечните извештаи-МИ.

### Услуги

***Транспорт:*** Податоците кои се однесуваат на транспортот се од платниот промет на банките со странство и месечните извештаи-МИ. Постои можност за дезагрегација по вид на транспорт ( воздушен, поморски, железнички и патен) и по категорија на услуги (превоз на стоки, патници и останато). Прилагодување се врши

кај одливот на транспортни услуги (превоз на стоки) за делот од **ц.и.ф./ф.о.б.** факторот кој се однесува на трошоците за превозни услуги извршени од нерезиденти.

***Туризам:*** Извор се податоците од платниот промет на банките со странство и месечните извештаи-МИ.

***Останати услуги*:** Основен извор се податоците од платниот промет на банките со странство за извршените наплати од и плаќања кон нерезиденти по видови на услуги: телекомуникациони услуги, инвестициони работи, осигурување, деловни, владини и останати услуги. Прилагодување се врши кај одливот за осигурување за делот од **ц.и.ф./ф.о.б.** факторот кој се однесува на трошоците за осигурување при превозот на стоки. Прилагодување се врши кај услугите за финансиско посредување, преку прераспределување на дел од доходот од инвестиции, а врз основа на пресметка на извозот и увозот на услуги за финансиско посредување мерени индиректно (ФИСИМ). Како дополнителен извор на податоци за одделните видови услуги се користат податоци од месечните извештаи-МИ.

**Доход**

Доходот како компонента на платниот биланс произлегува од: надомест за вработени (резиденти вработени кај нерезиденти и обратно) и доход од инвестиции. Доходот од инвестиции претставува капитална добивка од директните инвестиции, портфолио инвестициите и останатите инвестиции (дивиденди, камати на заеми и кредити и сл.).

***Доход од директни инвестиции:*** Во податоците се опфатени платените дивиденди и распределената добивка, како и реинвестираната и нераспределена добивка. Извор на податоци за платените/наплатени дивиденди е платниот промет на банките со странство. Извор на податоци за реинвестираната добивка за претходните години претставува годишниот прашалник за директни инвестиции, додека за тековната година се вршат проценки врз основа на податоците од претходните години.

***Доход од портфолио инвестиции:*** Во податоците на страната на приливот се опфатени наплатените камати од странски должнички хартии од вредност и пресметаните камати од странски должнички хартии од вредност во рамки на девизните резерви. На страната на одливот се опфатени платените дивиденди по сопственички хартии од вредност и платените камати по основ на домашни должнички хартии од вредност. Извор се податоците од платниот промет на банките со странство, извештаите на НБРМ за состојбата на официјалните девизни резерви и годишниот прашалник за директни инвестиции.

***Доход од останати инвестиции:*** Во податоците се опфатени наплатените и платените камати на депозити, краткорочни и долгорочни заеми. Наплатените камати ги сочинуваат приливите на камати од девизните депозити на сметки во странство (каматата на официјалните девизни резерви и на девизните средства на банките). Извор се податоците од платниот промет на банките со странство и извештаите на НБРМ за состојбата на официјалните девизни резерви. Кај платените и наплатени камати по краткорочни и долгорочни заеми се применува принципот на пресметна камата. Извор се податоците од НДНП кои задолжително се регистрираат во НБРМ. Прилагодување се врши кај доходот од инвестиции, преку прераспределување на дел од овој доход во ставката услуги за финансиско посредување, а врз основа на пресметка на извозот и увозот на услугите за финансиско посредување мерени индиректно (ФИСИМ).

**Тековни трансфери**

***Официјалните трансфери*** во најголем дел се однесуваат на парична и стокова помош добиена од влади на странски држави и меѓународни организации. Извор на податоци за паричните трансфери е платниот промет на банките со странство, а за стоковите трансфери царинската евиденција.

***Приватните трансфери*** ги сочинуваат: дознаките во и од странство на домашните физички лица, откупената и продадената ефектива на менувачкиот пазар и останатите трасфери од кој најголем дел се рентите, пензиите, инвалиднините и др. Основен извор на податоци е платниот промет на банките со странство. Откупената и продадената ефектива на менувачкиот пазар согласно ППБ треба да се класифицира во капитално-финансиската сметка на платниот биланс. Меѓутоа, со оглед дека голем дел од овие средства потекнуваат од наплатите на резиденти од нерезиденти по дадени стоки и услуги (сива економија) и примени трансфери во ефективни странски пари, овие трансакции се евидентираат како дел од тековната сметка на платниот биланс (приватни трансфери).

**КАПИТАЛНА И ФИНАНСИСКА СМЕТКА**

**КАПИТАЛНА СМЕТКА**

Опфатени се капиталните трансфери за кои основен извор на податоци е платниот промет на банките со странство.

**ФИНАНСИСКА СМЕТКА**

**Директни инвестиции:** Директните инвестиции ги опфаќаат акционерскиот капитал, реинвестираната добивка и другиот капитал. Трговските кредити, долгорочните и краткорочните заеми помеѓу поврзаните субјекти се евидентираат во ставката друг капитал. Основен извор на податоци за претходните години е годишниот прашалник ДИ 22. Извор на податоци за паричните влогови е платниот промет на банките со странство, а за стоковите влогови царинските документи. За тековната година за реинвестираната добивка и за еден дел од другиот капитал се вршат проценки врз основа на податоците за претходните години. Податоците за заемите во рамките на другиот капитал се добиваат од системот за известување на надворешниот долг и побарувања.

**Портфолио инвестиции:** Извор на податоци за портфолио инвестициите е платниот промет на банките со странство. Дополнителен извор на податоци за претходните години е годишниот прашалник ДИ 22.

**Други инвестиции:**

***Трговски кредити:*** Трговските кредити (одобрени во странство и примени од странство) претставуваат разлика помеѓу физичката размена на стоките и наплатите односно плаќањата за истите. Податоците за трговските кредити како проценка се изведени од податоците за стоковната размена од царинските документи и извршените наплати и плаќања од платниот промет по основ на извоз и увоз на стоки. Доколку вредноста на физичкиот извоз е поголема од вредноста на наплатениот извоз, разликата се евидентира како одобрен трговски кредит (со негативен предзнак). Ако вредноста на увезената стока е поголема од плаќањето по основ на увоз на стоки,

разликата се евидентира како примен трговски кредит (со позитивен предзнак). Како дополнителен извор на податоци се користат податоци од месечните извештаи -МИ.

***Заеми:*** Во категоријата заеми се прикажуваат користењата и отплатите по краткорочни и долгорочни заеми. Довтасаните, а неплатени обврски за главнина и камата се евидентираат во категоријата други инвестиции - друго. Податоците се базираат на извештаите за среднорочниот и долгорочниот јавен и приватен надворешен долг изготвени во НБРМ врз основа на НДНП кои задолжително се регистрираат во НБРМ.

***Валути и депозити:*** Податоците се однесуваат првенствено на промените на девизните средства и девизните обврски на банките. Извор на податоци се месечните банкарски извештаи - КНБИФО и платниот промет на банките со странство. Промените на девизните средства и обврски на банките се искажани со делумно исклучување на меѓувалутарните промени. Промените на девизните средства на населението ја опфаќаат нето положената ефектива на девизни сметки на граѓаните во банкарскиот систем намалена за увозот на стоки од физички лица. Извор на податоци за нето положената ефектива на девизни сметки е платниот промет на банките со странство, а за увозот на стоки од физички лица царинските декларации. Како дополнителен извор на податоци за валутите и депозитите на останатите сектори се користат податоци од месечните извештаи-МИ.

**Бруто официјални резерви:** Трансакциите се пресметуваат како промена во состојбата на одделни компоненти на официјалните резерви, со исклучување на курсните разлики и ценовните промени. Извор на податоци се извештаите на НБРМ.

## Табели бр.24 и 25 Надворешно-трговска размена

Извор на податоци за надворешно-трговската размена е ДЗСРМ. Податоците за стоковната размена на Република Македонија со странство се подготвуваат согласно основните статистички стандарди, дефиниции и препораки на ООН за концептите и дефинициите на статистиката на надворешната трговија. Податоците за извозот се објавуваат на **ф.о.б.** а за увозот на **ц.и.ф.** основа.

## Табели бр.26 и 27 Состојба на странски директни инвестиции

Начинот на пресметување и прикажување на странските директни инвестиции (СДИ) во меѓународни рамки се базира на методолошките препораки на Прирачникот на ММФ (Balance of Payments Manual-fifth edition, IMF 1993) и Прирачникот на OECD (OECD Benchmark Definition of Foreign Direct Investment-third edition, OECD 1996). Согласно овие препораки СДИ вклучуваат:

- сопственички капитал и реинвестирана добивка;
- побарувања од поврзаните претпријатија во странство;
- обврски кон поврзаните претпријатија во странство.

Реинвестираната добивка методолошки вклучува:

- дел од добивка распоредена во капитал;
- дел од добивка распоредена во резерви;
- дел од добивка распоредена за покривање на загуби од изминат период;
- нераспоредена добивка;

- непокриена загуба;
- загуба од претходен период, претворена во побарување од инвеститорот и
- добивка од претходен период, претворена во обврска кон инвеститорот.

Согласно Петтото издание на прирачникот од ММФ се препорачува како критериум да се користи минимално учество од 10% во капиталот или правото на глас. Според тоа дистинкција на директен и портфолио инвеститор се прави од аспект на процентот на поседувани акции и удели во претпријатието.

Методолошките постапки кои се применуваат во Република Македонија за пресметување на странските директни и портфолио инвестиции во потполност кореспондираат со методолошките постапки применувани од страна на земјите членки на ММФ и OECD.

Податоците за СДИ во Република Македонија се прикажани од аспект од земјата од каде потекнуваат и дејноста во која е инвестирано.

## Табели бр.28 и 29 Меѓународна инвестициона позиција

МИП претставува статистички извештај којшто ја прикажува состојбата и структурата на финансиските побарувања (средства) на резидентите од нерезиденти и финансиските обврски на резидентите кон нерезиденти, коишто произлегуваат од нивното меѓусебно работење. Со други зборови, МИП претставува биланс на состојба на меѓународните финансиски средства и обврски на една земја на определен датум.

Овој извештај дава можност за оценка на финансиската состојба на земјата, како и на економската интеграција на домашната економија во меѓународни рамки.

Меѓународните финансиски средства на земјата ги сочинуваат побарувањата од директни инвестиции, портфолио-инвестиции, инвестиции во финансиски деривати, останати инвестиции (во вид на одобрени трговски кредити, заеми, валути и депозити и останати средства) и официјални девизни резерви.

Меѓународните финансиски обврски на земјата ги сочинуваат обврските врз основа на директни инвестиции, портфолио-инвестиции, инвестиции во финансиски деривати и останати инвестиции (во вид на одобрени трговски кредити, заеми, валути и депозити и останати обврски).

*Нето меѓународната инвестициска позиција* се дефинира како разлика помеѓу вкупните меѓународни финансиски средства и обврски.

- ***Компоненти на МИП и методолошко-статистичка основа за составување на МИП на Република Македонија***

Извештајот за МИП содржи стандардни компоненти класифицирани на три нивоа:

*Првото ниво* на класификација е поделбата на *средства и обврски*.

*Второто ниво* на класификација е поделба според функционални категории во целост се совпаѓа со финансиската сметка на платниот биланс. Согласно со оваа класификација средствата и обврските се делат на: директни инвестиции, портфолио-инвестиции, финансиски деривати, останати инвестиции и средства на резерви.

1. *Директните инвестиции* ги опфаќаат вложувањата со кои инвеститорот има намера да воспостави трајна економска поврзаност и/или да оствари право на управување со правното лице во кое инвестира. Притоа, како критериум за дефинирање на директните инвестиции, согласно со меѓународните препораки и стандарди, се користи минимално учество од 10% во капиталот или одлучувачко право на глас во правното лице во кое се инвестира. Директните инвестиции го вклучуваат акционерскиот капитал, реинвестираната добивка и меѓукомпанискиот долг на поврзаните субјекти.

2. *Портфолио-инвестициите* ги опфаќаат вложувањата во должнички хартии од вредност и во сопственички хартии од вредност каде што инвеститорот поседува помалку од 10% од акционерскиот капитал или нема одлучувачко право на глас.

3. *Финансиски деривати* се финансиски инструменти коишто во себе вклучуваат специфични финансиски ризици поврзани со определен т.н. основен финансиски инструмент, показател или стока, а со кои на финансиските пазари може да се тргува независно од основниот инструмент. Притоа, вредноста на финансискиот дериват е изведена од вредноста на основниот финансиски инструмент.

4. *Останатите инвестиции* ги опфаќаат средствата и обврските врз основа на краткорочни и долгорочни финансиски заеми и трговски кредити, валути и депозити и останати средства и обврски.

- трговски кредити - се побарувања или обврски коишто произлегуваат од директно одобрување кредит од добавувач (испорачател) врз основа на промет на стоки и услуги, авансни плаќања од купувачот на стоки и услуги и изведување работи;
- заеми - побарувања или обврски коишто настануваат со директно позајмување финансиски средства (пари) од страна на кредиторот на должникот врз основа на договор за кредит;
- валути и депозити - валутите се побарувања од централната банка којашто ги издала банкнотите и монетите, од страна на нерезиденти кои располагаат со нив. Обврските врз основа на депозити се обврски на финансиските институции коишто примаат депозити од нерезиденти, додека побарувањата врз основа на депозити настануваат врз основа на депонирани средства кај нерезидентни финансиски институции;
- останато - останатите средства и обврски настануваат врз основа на должнички инструменти коишто не се вклучени во претходните групи.

5. *Средства на резерви* - ги опфаќаат средствата коишто ѝ се веднаш расположливи на монетарната власт и се контролирани од монетарната власт, а служат за директно финансирање на нерамнотежата во платниот биланс и индиректно регулирање на таквата нерамнотежа преку интервенција на девизниот пазар со цел да се влијае врз девизниот курс и/или за други цели.

*Третото ниво* на класификација е поделба на одделните финансиски инструменти по институционални сектори (држава, монетарна власт, банки и останати сектори).

- држава (ја вклучува јавната власт и нејзините агенции - владините единици на сите нивоа: централната, локалната власт и социјалните фондови);

- монетарна власт (централната банка или друга институција носител на монетарната власт);

- банки (финансиските посредници коишто вршат активности на прибирање депозити и давање кредити); и

- останати сектори (небанкарските финансиски посредници, нефинансиските трговски друштва, домаќинствата и непрофитните институции).

Натаму, компонентите на останатите инвестиции (заеми и трговски кредити) се класифицирани и според рочноста на: краткорочни (со рок на достасување до една година) и долгорочни (со рок на достасување над една година).

*Вреднување на инструментите во рамки на функционалните категории*

Од аспект на вреднувањето на инструментите во рамки на функционалните категории, директните инвестиции и портфолио-инвестициите во сопственички хартии од вредност се вреднуваат по книговодствената вредност, портфолио-инвестициите во должнички хартии од вредност се искажуваат по пазарната вредност, додека останатите инструменти се вреднуваат по номиналната вредност.

### *- Извори на податоци и методологија за изготвување на Извештајот за меѓународната инвестициска позиција*

МИП е комплексен статистички извештај којшто се изготвува врз основа на податоците што Народната банка ги прибира преку посредно или непосредно известување.

*Извори на податоци според функционалните категории*

*Директни инвестиции*

- За поткатегоријата акционерски капитал и реинвестирана добивка - за изготвување на годишната МИП се користат податоците од годишните прашалници за состојбата и прометот на поврзаните субјекти (ДИ-22 и ДИ-11). За изготвување на кварталната МИП, состојбата се пресметува со додавање на тековите од платниот биланс за тековниот квартал на состојбата на акционерскиот капитал и реинвестираната добивка на крајот од претходниот квартал;

- За поткатегоријата останат капитал - за заемите на меѓусебно поврзаните субјекти се користи системот за известување за надворешниот долг (НД) и системот за известување за надворешните побарувања (НП), додека за трговските кредити на меѓусебно поврзаните субјекти се користат податоците од кварталните извештаи за побарувања и обврски врз основа на комерцијално работење на резидентите со странство (КИПО). Како дополнителен извор се користи и Прашалникот на известување за договорен откуп на обврски и побарувања (ПОЗ);

*Портфолио-инвестиции*

- За поткатегоријата сопственички хартии од вредност - : на страната на *средствата: за изготвување на годишната и кварталната МИП*, за останатите сектори се користат податоците од кварталното известување за поседуваните хартии од вредност тргувани на странски пазари од резиденти овластени за учество на странски пазари на капитал, а за секторот банки се користат податоците од банкарските извештаи за состојбата на

средствата и обврските (КЊБИФО) - месечни извештаи за сметководствената состојба на сметките од комерцијалните банки.

- на страната на *обврските*:
- за изготвување на годишната МИП за секторот банки и останатите сектори се користат податоците од годишниот прашалник за состојбата и прометот на поврзаните субјекти (ДИ 22)
- за изготвување на кварталната МИП за секторот банки и за останатите секторисостојбата се пресметува со додавање на тековите од платниот биланс за тековниот квартал на состојбата на сопственичките хартии од вредност на крајот од претходниот квартал.

- За поткатегоријата должнички хартии од вредност - за изготвување на годишната и кварталната МИП се користат податоци од исти извори:

- на страната на *средствата,* за останатите сектори се користат податоците од кварталното известување за поседуваните хартии од вредност тргувани на странски пазари од резиденти овластени за учество на странски пазари на капитал, а за секторот банки се користат податоците од банкарските извештаи за состојбата на средствата и обврските (КЊБИФО) - месечни извештаи за сметководствената состојба на сметките од комерцијалните банки.
- на страната на *обврските*, во делот на должничките хартии од вредност издадени во земјата и купени од нерезиденти се користат податоци од Централниот депозитар на хартии од вредност и од Македонската берза на хартии од вредност за утврдување на пазарната цена на хартиите од вредност, додека во делот на должничките хартии од вредност издадени во странство и купени од нерезиденти се користат податоци од системот за известување за надворешниот долг (НД), податоци за пазарната вредност на издадените должнички хартии од вредност на датумот на состојбата на долг, како и кварталното известување за поседуваните хартии од вредност тргувани на странски пазари коешто го доставуваат резиденти овластени за учество на странски пазари на капитал.

*Останати инвестиции*

*Трговски кредити*

- За поткатегоријата долгорочни трговски кредити - за годишната и кварталната МИП се користат податоци од системот за известување за надворешниот долг (НД) и системот за известување за надворешните побарувања (НП);

- За поткатегоријата краткорочни трговски кредити - за годишната и кварталната МИП се користат податоци од кварталните извештаи за побарувањата и обврските врз основа на комерцијално работење на резидентите со странство (КИПО);

*Заеми*

- За годишната и кварталната МИП за категоријата заеми се користат податоци од системот за известување за надворешниот долг (НД) и системот за известување за надворешните побарувања (НП), како и извештаите на НБРМ за состојбата на официјалните девизни резерви на Република Македонија;

*Валути и депозити*

- За годишната и кварталната МИП за секторот банки се користат податоци од банкарските извештаи за состојбата на средствата и обврските (КЊБИФО) - месечни

извештаи за сметководствената состојба на сметките од комерцијалните банки, додека за останатите сектори се користат податоци од месечните извештаи за состојбата на редовните сметки на резидентите во странство (извештаи МИ);

_Останати средства/обврски_

- За годишната и кварталната МИП се користат податоци од системот за известување за надворешниот долг (НД) и системот за известување за надворешните побарувања (НП), како и податоци за договорен откуп на побарувања и преземање обврски меѓу резиденти и нерезиденти од прашалникот на известување за договорен откуп на обврски и побарувања (ПОЗ);

_Средства на резерви_

- За годишната и кварталната МИП се користат податоци од извештаите на НБРМ за состојбата и структурата на официјалните девизни резерви на Република Македонија.

## Табели бр.30-32 Бруто надворешен долг, Бруто надворешни побарувања и Нето надворешен долг

### *- Општи методолошки објаснувања*

Евидентирањето и следењето на надворешниот долг го врши Народна банка на Република Македонија (во продолжение: Народна банка) како надлежна институција согласно Законот за Народна банка на Република Македонија и Законот за девизно работење.

Статистиката за надворешен долг  во основа се изготвува согласно Прирачникот за статистика на надворешниот долг[1] (Прирачник).

### *Бруто надворешен долг*

Бруто надворешен долг во даден момент е еднаков на износот на тековни и безусловни обврски  кои бараат плаќања на главнина и/или камата од страна на должникот во некое идно време и кои се должат кон нерезиденти од страна на резидентите на една економија. Согласно ваквата дефиниција, бруто надворешниот долг претставува состојба на одреден ден на сите идни обврски на резидентите кон нерезидентите, што вклучува обврски  по главнина, достасани неплатени обврски по главнина и камата, акумулирана камата како и пресметана задоцнета камата, независно од видот на инструментот и рочноста.

### *Бруто надворешни побарувања*

Бруто  надворешните побарувања се состојба на сите тековни и безусловни побарувања по основ на должнички иструменти кои ги имаат резидентите од нерезиденти. Во основа, дефиницијата за бруто надворешните побарувања е идентична со дефиницијата за бруто надворешниот долг, со оглед на фактот дека побарувањата на една економија претставуваат долг на друга економија.

[1] External Debt Statistics: Guide for compilers and Users, IMF, 2003

## ***Нето надворешен долг***

Нето надворешниот долг е дефиниран како разлика помеѓу состојбата на бруто надворешниот долг и бруто надворешните побарувања. Нето надворешниот долг, во својата структура е идентичен со бруто надворешниот долг, при што стандардната презентација се состои од поделба по институционални сектори, рочност и инструменти на долг.

Согласно Прирачникот, поделбата на долгот се врши помеѓу четири основни институционални сектори во економијата, и тоа:

-државен сектор (вклучува јавна власт и нејзини агенции-владини единици на сите нивоа-централна, локална власт и социјални фондови);

-монетарна власт (централна банка или друга институција носител на монетарната власт);

-банкарски сектор (финансиски посредници кои вршат активности на прибирање на депозити и давање на кредити);

-останати сектори (небанкарски финансиски посредници, нефинансиски трговски друштва, домаќинства и непрофитни институции).

Понатаму, во рамките на секој сектор, извршено е разграничување по рочност, при што долгот се дели на краткорочен (со рок на доспевање до една година) и долгорочен (со рок на доспевање над една година).

На третото ниво, долгот се распределува по стандардни видови на инструменти, и тоа:

- трговски кредити (побарувања или обврски кои произлегуваат од директно одобрување на кредит од добавувач (испорачател) врз основа на промет на стоки и услуги, авансни плаќања од купувачот на стоки и услуги и изведување на работи);
- заеми (побарувања или обврски кои настануваат со директно позајмување на финансиски средства (пари) од страна на кредиторот на должникот врз основа на договор за кредит);
- должнички хартии од вредност (креирање на долг или побарувања преку емисија/купување на хартии од вредност како дел од портфолио инвестициите во земјата, со кои се тргува на организирани финансиски пазари, како и преку шалтер);
- валути и депозити (валутите се побарувања од централната банка која ги издала банкнотите и монетите, од страна на нерезиденти кои располагаат со истите. Обврските по основ на депозити се обврски на финансиските институции кои примаат депозити од нерезиденти, додека побарувањата по депозити настануваат врз основа на депонирани средства кај нерезидентни финансиски институции); и
- останато (останатите побарувања и обврски настануваат врз основа на должнички инструменти кои не се вклучени во претходните групи. Важна категорија во ставката останато се достасаните неплатени обврски/побарувања кои се третираат како краткорочни, бидејќи допеваат веднаш и се кумулатив на достасаните неплатени обврски/побарувања по сите претходно наведени инструменти).

Во рамките на нето надворешниот долг, посебно се прикажуваат нето обврските на меѓусебно поврзаните субјекти. Издвојувањето на побарувањата/обврските на меѓусебно поврзаните субјекти во рамки на нето надворешниот долг е значајно заради обезбедување на компатибилност и конзистентност со извештајот за меѓународната

инвестициона позиција, каде овие обврски/побарувања на меѓусебно поврзаните субјекти се дел од категоријата директни инвестиции (останат капитал).

Од аспект на вреднувањето, согласно Прирачникот за сите инструменти се користи номиналната вредност, освен за должничките хартии од вредност, каде долгот се прикажува по пазарна вредност. Ова во целост е конзистентно со начинот на нивно прикажување во рамките на меѓународната инвестициона позиција на земјата.

Податоците за состојбата на долг, плановите на отплата, достасаните неплатени обврски, акумулираната камата и склучените кредитни работи се пресметуваат во извештајните валути по средниот курс на Народна Банка на датумот на пресек. Тековите по надворешниот долг, повлечените средства и отплатите се курсираат по средниот курс на Народна Банка на датумот на настанување на трансакциите.

Состојбата на надворешниот долг е резултат на повлекувањата на средства, намалени за вкупните отплати на главнина, зголемени за износите на капитализирана достасана неплатена камата, акумулирана камата и пресметана задоцнета камата до датумот на пресек. Со оглед на фактот дека состојбите се курсираат по курс на крај на периодот, а тековите (повлекувања и отплати) со курс на денот на трансакцијата, разликата во состојбата на почетокот и крајот на периодот не одговара на нето промените од трансакции, туку истата ги вклучува и остварените курсни разлики.

## - *Извори на податоци и методологија за изготвување на нето надворешниот долг на Република Македонија*

### *Извори на податоци за нето надворешен долг на државниот сектор:*

- за категоријата должнички хартии од вредност (обврзници и инструменти на пазар на пари) - во делот на должничките хартии од вредност издадени во странство и купени од нерезиденти се користат податоци од системот за известување за надворешниот долг (НД) како и податоци за пазарната вредност на издадените должнички хартии од вредност на датумот на состојбата на долг.;
- за категоријата должнички хартии од вредност (обврзници и инструменти на пазар на пари) - во делот на должничките хартии од вредност издадени во земјата и купени од нерезиденти се користат податоци од: извештаите за работи со хартии од вредност (ИХВ), кои ги доставуваат овластените учесници на Македонската берза; од Централниот депозитар на хартии од вредност и од Македонската берза на хартии од вредност за утврдување на пазарната цена на хартиите од вредност.
- за категоријата заеми се користат податоци од: системот за известување за надворешниот долг (НД) - кредитна евиденција која се води во НБРМ и која произлегува од поединечно евидентирање на обврските по одделни кредитни работи со сите основни елементи. Оваа евиденција овозможува добивање на податоци за состојбата на надворешниот долг, користењата, отплатите, износот на достасани неплатени обврски за одредена кредитна работа како и пресметување на акумулирана камата и сл.; и системот за известување за надворешните побарувања (НП) - кредитната евиденција која се води во НБРМ и која произлегува од поединечно евидентирање на побарувањата по одделни кредитни работи со сите основни елементи. Оваа евиденција обезбедува податоци за состојбата на побарувањата, одобрувањата, наплатите, износот на достасани ненаплатени побарувања за одредена кредитна работа, акумулирана камата и сл.

***Извори на податоци за нето надворешен долг на секторот монетарна власт:***

- за категоријата должнички хартии од вредност (обврзници и инструменти на пазар на пари) - се користат податоци од извештаите на НБРМ за состојбата на официјалните девизни резерви на Република Македонија;
- за категоријата валути и депозити - се користат податоци од извештаите на НБРМ за состојбата и структурата на официјалните девизни резерви на Република Македонија;
- за категоријата заеми - се користат податоци од системот за известување за надворешниот долг (НД) како и извештаите на НБРМ за состојбата и структурата на официјалните девизни резерви на Република Македонија;
- за категорија останати обврски се користат податоци од системот за известување за надворешниот долг (НД) и претставува задолжување на Народна банка кон Меѓународниот монетарен фонд преку распределба на специјални права за влечење (СПВ).

***Извори на податоци за нето надворешен долг на секторот банки:***

- за категоријата заеми се користат податоци од системот за известување за надворешниот долг (НД) и системот за известување за надворешните побарувања (НП);
- за категоријата валути и депозити се користат податоци од банкарските извештаи за состојбата на средствата и обврските (КЊБИФО) - месечни извештаи за сметководствената состојба на сметките од комерцијалните банки;
- за категоријата останати обврски се користат податоци за достасани неплатени обврски по категоријата заеми од системот за известување за надворешниот долг (НД) и системот за известување за надворешните побарувања (НП).

***Извори на податоци за нето надворешен долг на останатите сектори:***

- за категоријата должнички хартии од вредност (обврзници и инструменти на пазар на пари) - во делот на странски должничките хартии од вредност издадени во странство и купени од резиденти, се користат податоци за пазарната вредност на купените должнички хартии од вредност на датумот на состојбата на долг, добиени од резидентите овластени за учество на странски пазари на капитал;
- за категоријата заеми се користат податоци од системот за известување за надворешниот долг (НД) и системот за известување за надворешните побарувања (НП);
- за категоријата валути и депозити се користат податоци од месечните извештаи за состојбата на редовните сметки на резидентите во странство (извештаи МИ);
- за категоријата краткорочни трговски кредити се користат податоци од кварталните извештаи за побарувања и обврски по комерцијално работење на резидентите со странство (КИПО).
- за категоријата долгорочни трговски кредити се користат податоци од системот за известување за надворешниот долг (НД) и системот за известување за надворешните побарувања (НП);
- за категоријата останати обврски се користат податоци за достасани неплатени обврски по категоријата заеми од системот за известување за надворешниот долг (НД) и системот за известување за надворешните побарувања (НП) како и податоци за договорен откуп на побарувања и преземање на обврски меѓу резиденти и нерезиденти од прашалникот на известување за договорен откуп на обврски и побарувања (ПОЗ)

***Извори на податоци за нето надворешен долг на меѓусебно поврзани субјекти - директни инвестиции:***

- како основен извор на податоци за побарувањата и обврските на меѓусебно поврзаните субјекти се користат:
  - за заемите на меѓусебно поврзаните субјекти се користи системот за известување за надворешниот долг (НД) и системот за известување за надворешните побарувања (НП), каде постои можност за утврдување на меѓусебната поврзаност на кредиторите и должниците;
  - за трговските кредити на меѓусебно поврзаните субјекти податоците од кварталните извештаи за побарувања и обврски по комерцијално работење на резидентите со странство (КИПО).
  - за побарувањата и обврските по други основи како дополнителен извор на податоци се користат податоците од годишните прашалници - за состојбата и прометот на поврзаните субјекти (ДИ-22 и ДИ-11). За ставката "достасани неплатени обврски" по категоријата заеми извор е системот за известување за надворешниот долг (НД) и системот за известување за надворешните побарувања (НП). За ставката "Останати обврски/побарувања" како извор се користи Прашалникот на известување за договорен откуп на обврски и побарувања (ПОЗ).

Податоците за периодот 2004-2005 година се на годишна, додека почнувајќи од 2006 година истите се објавуваат на квартална основа во евра и САД Долари.
Почнувајќи од 01.01.2010 година, податоците вклучуваат и акумулирана камата.

## Табела бр.33 Девизни резерви

Податоците се однесуваат на состојбата на девизните резерви на определен датум.

Девизните резерви како средства со кои располагаат и се контролирани од страна на монетарните власти, се состојат од: монетарно злато, специјални права на влечење (SDR-Special Drawing Rights), резервна позиција кај ММФ и девизи.

Одделните компоненти на девизните резерви се дефинирани целосно во согласност со методологијата на Меѓународниот монетарен фонд (Прирачник за платен биланс, петто издание).

Состојбата на девизните резерви се пресметува по средниот курс на НБРМ на денот за кој се објавуваат податоци.

### Монетарно злато

***Злато***: Категоријата монетарно злато го опфаќа златото со кое ракува НБРМ, а кое се состои од монетарно злато кое се наоѓа во трезорот на НБРМ, златни гранулати, монетарно злато депонирано во странски банки и монетарно злато на пат.

***Депозити во злато***: Депозитите во злато го опфаќаат ороченото злато во странски банки на подолг временски период.

**Девизи**

***Депозити кај странски банки***: Оваа категорија ги опфаќа девизните средства на ностро сметки кај странски банки, средства во странски банки кои служат како покритие за отворени акредитиви и гаранции, пласмани во субординирани депозити во странски валути кај нерезиденти, како и орочени девизни средства во странство.

***Ефектива во трезор***: Ефективата во трезор ја сочинуваат ефективните средства за плаќање кои се наоѓаат во трезорот на НБРМ, чекови во девизи примени во благајна, чекови испратени за наплата во странство, како и чекови испратени за наплата кај домашни банки.

***Хартии од вредност***: Во оваа категорија влегуваат девизните средства пласирани во должнички купонски и дисконтни хартии од вредност издадени или гарантирани од странски држави, централни банки, мултилатерални развојни банки и меѓународни финансиски институции, како и девизните средства пласирани во колатерализирани и агенциски обврзници.

## Табели бр.34 и 35 Девизен курс на денарот-просек за периодот и на крајот од месецот

Просечните годишни девизни курсеви се пресметуваат како аритметичка средина од просечните месечни девизни курсеви.

Просечните квартални девизни курсеви се пресметуваат како аритметичка средина од просечните месечни девизни курсеви од дадениот квартал.

Просечните месечни девизни курсеви се пресметуваат како аритметичка средина од средните дневни девизни курсеви.

Девизен курс на крајот на месецот е средниот дневен девизен курс од курсната листа на НБРМ за последниот ден од месецот.

## Табела бр.36 Индекси на ефективен девизен курс на денарот

Реалниот ефективен девизен курс претставува индексен број кој се добива како производ од индексот на номиналниот ефективен девизен курс на денарот и индексот на релативните цени.

Индексот на номиналниот ефективен девизен курс (НЕДК) на денарот се пресметува како пондерирана геометриска средина од билатералните просечни месечни девизни курсеви на дванаесет поголеми надворешнотрговски партнери на Република Македонија (Австрија, Бугарија, Хрватска, Германија, Грција, Италија, Холандија, Русија, Словенија, Турција, САД и Србија), со базен период 2006=100 и пондери засновани врз надворешнотрговската размена во 2006 година.

Индексот на релативни цени е однос помеѓу индексот на домашни цени и просечниот пондериран индекс од индексите на странски цени на земјите што соодветствуваат со изборот на земји чии валути се користат при пресметката на НЕДК на денарот, со базен период 2006=100 и пондери засновани врз надворешнотрговската

размена во 2006 година. Притоа, како дефлатори се користат индексот на потрошувачки цени (CPI), Индексот на производители на индустриски производи (PPI) и Индексот на трошоци на работна сила по единица производ (ULC).